МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

Локални избори 2013

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ИЗБОРИТЕ ВО

# ПРИЛЕП

WWW.MOJOTIZBOR.MK

2013 МОЈОТ ИЗБОР

Локални избори 2013

**Библиотека:** Избори
**Серија:** Локални избори 2013

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)

**За издавачите**
Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС
Димче Митрески, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС

**Подготовка и обработка на податоци**
Миша Поповиќ, Даниела Стојанова

**ISBN** 978-608-4681-07-6

**Скопје**, март 2013 г.

**Контакт**
Адреса: МЦМС, ул. Никола Парапунов 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје.
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб: www.mcms.mk.

Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk
SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk; Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk;

Twitter: https://twitter.com/mojotizbor; Facebook: https://www.facebook.com/mojotizbor

Пријавување неправилности во изборниот процес: https://mojotizbor.crowdmap.com/

**МЦМС, ИДСЦС**

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирање, трансмисија, превод или адаптација на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено за образовни цели, заради цитирање и со претходна дозвола на издавачите и соодветно објавување на изворот.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**......................................................................................................................................**4**

**ОДЅИВ НА ГЛАСАЧИТЕ**..........................................................................................................**5**

**ИЗБОРИ ЗА СОВЕТ** ....................................................................................................................**6**

**ИЗБОР ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК**...............................................................................................**7**

Прилог. Прашалник и целосни резултати (во бројки и %)...........................................8

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ.......................................................................9

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) спроведуваат повеќе заеднички активности за локалните избори 2013 година, кои вклучуваат истражувања, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Дел од активностите се и испитувањата на јавното мислење за прашања поврзани со изборите, како карактеристиките на кандидатот за градоначалник, рејтинзите на кандидати и партии и слично. Во овој извештај се презентирани мислењата на граѓаните на општина Прилеп за излезноста на изборите, за која листа на советници би гласале и за кој кандидат за градоначалник би гласале.

Испитувањето на јавното мислење е направено преку телефонска анкета на 9 и 10 март 2013 г. на репрезентативен примерок од 803 испитаници со ± 3,5 % грешка. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериумите за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст и место на живеење. Од 803 испитаници, 49,7 % беа жени, а 50,3 % мажи, во однос на етничката застапеност 96,4 % од испитаниците беа Македонци, а другите етнички групи беа застапени со 3,6 %. Во однос на местото на живеење, руралната популација беше застапена со 10,4 %, додека градската со 89,6 %.

Би сакале да укажеме дека анкетата е направена во период на излез од политичката криза и на изборна кампања. Политичката поларизација влијае на јавното мислење, а со тоа и на резултатите од анкетата. Имајќи го предвид ова, категоријата „не сакам да кажам“ може да ги одразува „скриените гласачи“ и учеството на тие одговори може да влијае на објективноста на рејтинзите на партиите и/или кандидатите.

Исто така сакаме да укажеме дека и анкетите се направени според репрезентативен примерок каде етничките податоци се засновани на податоците од пописот од 2002 година. Недостатокот на понови податоци за различните етнички групи како и разликите во излезноста на различни демографски, етнички, географски групи може да влијае на објективноста на рејтинзите на партиите и/или кандидатите, поврзани со одредена етничка група.

Анкетата го одразува моменталното расположение на граѓаните, кое до изборниот ден може да биде подложно на промени.

Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Покрај графиконите, податоците се прикажани и во бројки. Во извештајот незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11 % до 30 %, малцинство за 30 % до 50 %, мнозинство за 51 % до 70 % и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Социо-демографските анализи за помалубројните социо-демографски групи поради нивното мало учество во примерокот не се коментирани во овој извештај. Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %. Исто така не се прикажани ни одговорите под 1 %. Тоа е направено за потребите за поедноставно прикажување на резултатите. Прашалникот со целосните резултати е даден во прилог.

## ОДЅИВ НА ГЛАСАЧИТЕ

Почетното прашање за граѓаните од општина Прилеп беше за нивната решеност да гласаат на овие локални избори.

**Графикон 1. На скала од 1 до 10, каде 10 е дека со сигурност ќе излезете, колку е веројатно дека би излегле на гласање на претстојните локални избори?**




Значително мнозинство граѓани (83,8 %) изјавиле дека веројатно ќе излезат да гласаат на овие локални избори, а 75,2 % се сигурни во тоа.

**Графикон 2. Веројатен одѕив за локалните избори 2013 според моменталните намери на граѓаните на општина Прилеп**




За споредба, во 2009 г. одѕивот за локалните избори во Прилеп бил 62,4 %, додека за парламентарните избори во 2011 г. одѕивот бил 72,5 %.

**Графикон 3. Споредба на одѕивот за локалните избори 2009 и парламентарните избори 2011 со моменталните намери на граѓаните на општина Прилеп**




Би сакале да укажеме дека анкетата е направена во период на излез од политичката криза и на изборна кампања. Политичката поларизација влијае на јавното мислење, а со тоа и на резултатите од анкетата. Категоријата „не сакам да кажам“ може да ги одразува „скриените гласачи“ и учеството на тие одговори може да влијае на објективноста на рејтинзите на партиите и/или кандидатите.

## ИЗБОРИ ЗА СОВЕТ

Граѓаните од општина Прилеп беа прашани за која партија ќе гласаат при изборот на советничките листи.

**Графикон 4. Доколку утре се одржат локалните избори, за која листа на советници на општина ќе гласате?**




**Табела 1. Резултати од локалните избори 2009 и парламентарните избори 2011**

| ПРИЛЕП | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ВМРО-Народна | Други |
|---|---|---|---|---|
| **Локални избори 2009** | 69,5 | 23,0 | 3,5 | - |
| **Парламентарни избори 2011** | 47,7 | 44,0 | - | 8,32 |

Извор: Државна изборна комисија

Би сакале да укажеме дека анкетата е направена во период на излез од политичката криза и на изборна кампања. Политичката поларизација влијае на јавното мислење, а со тоа и на резултатите од анкетата. Категоријата „не сакам да кажам“ може да ги одразува „скриените гласачи“ и учеството на тие одговори може да влијае на објективноста на рејтинзите на партиите и/или кандидатите.

# ИЗБОР ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК

Проверен е и рејтингот на кандидатите за градоначалник на Прилеп, кои во моментот на спроведување на анкетата беа познати на јавноста.

Граѓаните беа прашани за кој кандидат за градоначалник ќе гласаат ако следниот ден се одржат локални избори.

**Графикон 5. Доколку утре се одржат локални избори за кој кандидат за градоначалник ќе гласате?**




**Табела 2. За кој кандидат за градоначалник ќе гласате вкрстено со за која листа на советници ќе гласате**

| ПРИЛЕП | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ЛДП | НСДП | ДПТ | ДОМ | Не сакам да кажам | Не знам | Ниту една | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Марјан Ристески (ВМРО-ДПМНЕ)** | 97,2 | 4,4 | 100,0 | 23,7 | 0,0 | 100,0 | 7,8 | 61,7 | 16,3 | 52,3 |
| **Хари Локвенец (СДСМ)** | 0,0 | 80,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 15,2 | 5,8 | 2,8 | 15,1 |
| **Зоран Петрески (СДУ)** | 0,0 | 2,8 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 2,1 | 0,9 | 1,1 |
| **Ниту еден од наведените** | 0,0 | 1,5 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 2,0 | 1,5 | 4,3 | 1,5 |
| **Не знам** | 1,3 | 2,1 | 0,0 | 32,5 | 100,0 | 0,0 | 8,8 | 25,3 | 32,0 | 13,7 |
| **Нема да гласам** | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 1,5 | 2,6 | 14,6 | 3,2 |
| **Без одговор** | 1,5 | 9,3 | 0,0 | 43,8 | 0,0 | 0,0 | 64,6 | 1,0 | 29,1 | 13,2 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100,0 |

Во 2009 г. на локалните избори, кандидатот на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Марјан Ристески освои 72,4 % од гласовите, кандидатот на СДСМ, Тони Петрески, 24 %, а кандидатот на ВМРО-НП, Никола Апостолски, 3,6 %.

Би сакале да укажеме дека анкетата е направена во период на излез од политичката криза и на изборна кампања. Политичката поларизација влијае на јавното мислење, а со тоа и на резултатите од анкетата. Категоријата „не сакам да кажам“ може да ги одразува „скриените гласачи“ и учеството на тие одговори може да влијае на објективноста на рејтинзите на партиите и/или кандидатите.

## Прилог. Прашалник и целосни резултати (во бројки и %)

| **П1. На скала од 1 до 10, каде 10 е дека со сигурност ќе излезете, колку е веројатно дека би излегле на гласање на претстојните локални избори?** | | |
|---|---|---|
| 1 | 46 | 5,8 |
| 2 | 2 | 0,3 |
| 3 | 9 | 1,1 |
| 4 | 12 | 1,5 |
| 5 | 61 | 7,6 |
| 6 | 7 | 0,9 |
| 7 | 14 | 1,8 |
| 8 | 32 | 4,0 |
| 9 | 15 | 1,9 |
| 10 | 603 | 75,2 |

| **П2. Доколку утре се одржат локалните избори, за која листа на советници на општина ќе гласате?** (не се читаат партиите) | | |
|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 259 | 32,3 |
| СДСМ | 117 | 14,6 |
| НСДП | 3 | 0,3 |
| ЛДП | 1 | 0,2 |
| ДПТ | 1 | 0,1 |
| ДОМ | 1 | 0,1 |
| Ниту една | 127 | 15,9 |
| Не сакам да кажам | 79 | 9,8 |
| Не знам | 214 | 26,6 |
| | | |
| | | |

| **П3. Доколку утре се одржат локални избори за кој градоначалник ќе гласате?** (не се читаат партиите) | | |
|---|---|---|
| Марјан Ристески (ВМРО-ДПМНЕ) | 419 | 52,3 |
| Хари Локвенец (СДСМ) | 121 | 15,1 |
| Зоран Петрески (СДУ) | 9 | 1,1 |
| Ниту еден од наведените | 12 | 1,5 |
| Не знам | 110 | 13,7 |
| Нема да гласам | 25 | 3,2 |
| Без одговор | 106 | 13,2 |

| **Пол** | | |
|---|---|---|
| Машки | 399 | 49,7 |
| Женски | 403 | 50,3 |
| | | |
| **Етничка припадност** | | |
| Македонска | 774 | 96,4 |
| Албанска | 8 | 1,0 |
| Ромска | 17 | 2,1 |
| Српска | 1 | 0,1 |
| Бошњачка | 1 | 0,1 |
| Друга | 2 | 0,2 |
| | | |
| **Возраст** | | |
| До 30 г. | 160 | 19,9 |
| 31-40 | 152 | 18,9 |
| 41-50 | 146 | 18,2 |
| 51-60 | 160 | 19,9 |
| Над 60 | 185 | 23,0 |
| | | |
| **Образование** | | |
| Незавршено основно | 51 | 6,3 |
| Основно | 92 | 11,5 |
| Средно | 458 | 57,1 |
| Високо | 201 | 25,1 |
| | | |
| **Место на живеење - Прилеп** | | |
| Рурално | 83 | 10,4 |
| Урбано | 719 | 89,6 |

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Веб-страница:** www.mojotizbor.mk

**Пријавување неправилности во изборниот процес:**
https://mojotizbor.crowdmap.com/

**Мониторинг на медиуми:** http://daily.mk/izbori

**Twitter:** https://twitter.com/mojotizbor

**Facebook:** https://www.facebook.com/mojotizbor

Целта на проектот „Платформа за интегрирано набљудување на изборите" е да се придонесе за фер и демократски избори, преку поддршка на професионалната и транспарентна работа на изборните органи, зајакнато професионално и етичко известување за изборите во медиумите и промоција на конструктивен демократски дискурс за време на кампањата и самиот изборен ден.

Проектот вклучува активности за анализа на изборните програми и листите на кандидати, набљудување на известувањето на медиумите, набљудување на работата на изборните органи, изборната кампања и самиот ден на избори.

За прв пат проектот беше спроведен за парламентарните избори во 2011 година.

Проектот го спроведуваат во партнерство Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Институтот за демократија Социетас Цивилис (ИДСЦС).

**Листа на поврзани публикации**

**Граѓаните за локалните избори, 2013:** http://www.mcms.mk/images/docs/2013/graganite-za-lokalnite-izbori-2013.pdfhttp://www.mcms.mk/images/docs/2013/graganite-za-lokalnite-izbori-2013.pdf

**Рејтинзи на политичките партии, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/rejtinzi-na-politickite-partii.pdf

**Профилот на мојот градоначалник, 2013:** http://mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1359-profilot-na-mojot-gradonachalnik.html

**Профилот на мојот пратеник, 2011:** http://www.mcms.mk/images/docs/2011/profil-na-mojot-pratenik-2011-mcms.pdf

**Изборните кампањи на политичките партии, 2011:**
http://www.mcms.mk/images/docs/2011/izbornite-kampanji-na-politickite-partii.pdf